ФСС - ФМУ
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје
Факултет за музичка уметност - Скопје
Факултетско студентско собрание
Бр. 15-168/1
17. 02. 2025 год.
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 37 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), член 38 од Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје (Универзитетски гласник бр. 448/2019) и член 4 од Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, го донесе следното

# УПАТСТВО
## за спроведување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје

**Член 1**

Со ова упатство се пропишува постапката за спроведување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, како и начинот на работа на Изборната комисија.

**Член 2**

Изборната комисија ја спроведува постапката на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание, и тоа:

- со цел спроведување на непосредни, фер и демократски избори спроведува тајно гласање;
- изготвува гласачко ливче;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови во Факултетското студентско собрание;
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за претседател во Факултетското студентско собрание;
- составува записник за крајниот резултат од гласањето на факултетот;
- ги сумира и утврдува резултатите од гласањето;
- донесува одлуки и составува записници за сите одржани седници и
- извршува и други работи согласно законските прописи.

## ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

**Член 3**

Одделението за студентски прашања на Факултетот до Избирачката комисија за понатамошна нивна надлежност доставува список на студенти на ниво од секоја студиска година на Факултетот (во натамошниот текст: Избирачкиот список), кои имаат

право да гласаат и да бидат избирани (односно, студенти кои имаат запишано семестар во учебната година во која се вршат изборите).

Предлагање за кандидати за член/членови на факултетското студентско собрание се врши на собири на студенти на ниво на студиски години.

Избирачката комисија е должна да го организира собирот на ниво на студиска година во терминот и местото определен со ова упатство, односно:

- Собирот на студенти од прва година ќе се одржи на ден 11 февруари 2025 година со почеток во 12 часот во Големата концертна сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од втора година ќе се одржи на ден 11 февруари 2025 година со почеток во 12:15 часот во Големата концертна сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од трета година ќе се одржи на ден 11 февруари 2025 година со почеток во 12:30 часот во Големата концертна сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од четврта година ќе се одржи на ден 11 февруари 2025 година со почеток во 12:45 часот во Големата концертна сала на Факултетот;
- Собирот на студенти од постдипломски студии и на студенти од докторски студии ќе се одржи на ден 11 февруари 2025 година со почеток во 13 часот во Големата концертна сала на Факултетот.

Изборната комисија изготвува предлог листа на кандидати, откако ќе проверат дали пријавените кандидати се студенти на студиската година и имаат запишано семестар во учебната година во која се вршат изборите.

Изборната комисија донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови во Факултетското студентско собрание.

Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година и сл.

Одлуката на Изборната комисија е конечна.

Кандидат за претседател може да биде, доколку преку архивата на Факултетот се достави писмен предлог до Изборната комисија потпишан од најмалку 10 студенти од Факултетот кои имаат право да гласаат, најдоцна до 11 февруари 2025 година.

За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот со најмалку завршен трет семестар (положени сите испити заклучно со трет семестар).

Изборната комисија по проверка на поднесените пријави донесува одлука со која констатира дека пријавените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите за кандидат за претседател на Факултетското студентско собрание.

Во одлуката се наведува личното име и презиме на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, дали ги положил сите испити заклучно со трет семестар и сл.

Одлуката на Изборната комисија е конечна.

## ИЗГЛЕД НА ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ ЗА ЧЛЕН И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

### Член 4

Изгледот на гласачките ливчиња за член и претседател е утврден и даден во Прилог 1а-1д и Прилог 2, кои се составен дел на ова Упатство.

Изборната комисија изготвува посебно гласачко ливче за спроведување на избори за член на факултетското студентско собрание по студиски години врз основа на одлуката на предложените кандидати.

Гласачкото ливче за избор на Претседател на Факултетското студентско собрание го изготвува Изборната комисија врз основа на одлуката за прифатени Пријави за кандидирање од страна на студентите.

**НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ И ПРЕБРОЈУВАЊЕ НА ГЛАСОВИТЕ, РЕЗУЛТАТИ ОД ГЛАСАЊЕТО**

**Член 5**

Право да гласаат имаат сите активни студенти на Факултетот кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избира Претседателот и членовите на Факултетското студентското собрание.

Гласањето се врши со лична идентификација на студентот, врз основа на важечки Индекс или студентска легитимација издадени од Факултетот за музичка уметност – Скопје.

По утврдување дека студентот го има во Избирачкиот список, член на Избирачката комисија го заокружува редниот број пред името на студентот во списокот, студентот се потпишува во списокот до неговото име, по што член на Избирачката комисија му дава гласачко ливче со печат на Факултетското студентското собрание и го упатува студентот да пристапи кон гласање кон тајното гласачкото место на принцип еден по еден студент поединечно.

Гласањето се врши самостојно и тајно.

Се гласа за кандидат со заокружување на редниот број пред името и презимето на кандидатот, по што студентот го превиткува ливчето и го става во означената кутија за гласање.

За важечко гласачко ливче се смета она гласачко ливче на кое е заокружен редниот број пред кандидатот и од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за кој кандидат е гласано.

За неважечко ливче ќе се смета секое ливче кое е непополнето, прецртано, шкртано, обележано со друга форма и симбол освен заокружување, ако нема печат на Факултетското студентското собрание и постапено спротивно на став (3) од овој член.

По завршување на определеното време за гласање, гласачкото место се затвара.

Избирачката комисија ги отвараат кутиите, ги пребројуваат гласовите, ги сумираат и утврдуваат резултатите од гласањето.

За спроведеното гласање Избирачката комисија изработуваат и потпишуваат записник во три примероци.

Врз основа на записници, Изборната комисија донесува одлука со која констатира кои претставници на студентите се избрани за членови на Факултетското студентско собрание.

Одлуката на Изборната комисија е конечна.

За членови на Факултетско студентско собрание ќе бидат избрани по 2 (два) претставници од студентите по години од додипломски студии и 3 (три) претставници од постдипломски студии и докторски студии, кои добиле најмногу гласови од студентите кои учествувале во гласањето на ниво студиски години.

За претседател на Факултетско студентско собрание ќе биде избран кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите кои учествувале во гласањето.

## ИЗГЛЕД И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦ НА ЗАПИСНИК

**Член 6**

Изборната комисија на ниво на студиски години составуваат и потпишуваат записник за резултатите од гласањето за избор на членови и претседател.

Изборната комисија врз основа на записниците за резултатите од гласањето за избор на членови и претседател на ниво на студиски години изготвува и потпишува одлука за конечниот резултат од спроведените избори.

Со записникот се утврдуваат резултатите од гласањето и го доставува до архивата на Факултетот.

Изгледот и содржината на записниците од ставовите (1) и (2) е утврден и даден во Прилог 3а-3б и Прилог 4, кој е составен дел на ова Упатство.

## ЧУВАЊЕ И УВИД ВО ИЗБОРНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 7**

По спроведување на гласањето, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето, Изборната комисија го пакуваат гласачкиот материјал (важечки и неважечки гласачки ливчиња, неискористени гласачки ливчиња и Избирачкиот список).

Вака спакуваниот материјал, Избирачката комисија го предаваат на чување и увид во архивата на Факултетот.

**Член 8**

Ова Упатство влегува во сила од денот на донесувањето.

**Член 9**

Ова Упатство се објавува на веб-страницата на Факултетот.

Избирачка комисија:
Вонр. проф. м-р Дино Имери, наставник
Проф. д-р Нина Костова Јаневска, наставник
Сара Сиљановска, студент
Бојан Димитровски, студент
Зоран Трајчески, студент

Прилог 1а

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Упатство за гласање:
Се гласа за најмногу двајца кандидати со заокружување на редниот број пред името и презимето

**ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ**
**за избор на два члена од прва година од додипломски студии во Факултетското студентсо собрание на**
**Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатен период 18.02.2025-17.02.2026**

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________

Прилог 1б

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**

Упатство за гласање:
Се гласа за најмногу двајца кандидати со заокружување на редниот број пред името и презимето

**ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ**
**за избор на два члена од втора година од додипломски студии во Факултетското студентсо собрание на**
**Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатен период 18.02.2025-17.02.2026**

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________

Прилог 1в

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**

Упатство за гласање:
Се гласа за најмногу двајца кандидати со заокружување на редниот број пред името и презимето

**ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ**
**за избор на два члена од трета година од додипломски студии во Факултетското студентсо собрание на**
**Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатен период 18.02.2025-17.02.2026**

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________

Прилог 1г

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**

Упатство за гласање:
Се гласа за најмногу двајца кандидати со заокружување на редниот број пред името и презимето

**ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ**
**за избор на два члена од четврта година од додипломски студии во Факултетското студентсо собрание на**
**Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатен период 18.02.2025-17.02.2026**

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________

Прилог 1д


**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**


Упатство за гласање:
Се гласа за најмногу тројца кандидати со заокружување на редниот број пред името и презимето

**ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ**
**за избор на три члена од постдипломски студии и докторски студии во Факултетското студентсо собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје за мандатен период 18.02.2025-17.02.2026**

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________
5. ______________________________
6. ______________________________

Прилог 2

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**

---

Упатство за гласање:
Се гласа заеден кандидат со заокружување на редниот број пред името и презимето

**ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ**
**за избор на претседател на Факултетското студентсо собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатен период 18.02.2025-17.02.2026**

1. ____________________________
2. ____________________________
3. ____________________________
4. ____________________________
5. ____________________________
6. ____________________________

Прилог 3а

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

**ЗАПИСНИК**
**од гласањето за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатниот период 18.02.2025-17.02.2026**

Изборната комисија за спроведување на гласањето за избор на членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, за мандатниот период **18.02.2025-17.02.2026**, на ниво од ________________________ (прва година / втора година / трета година /четврта година / студенти од постдипломски студии и на студенти од докторски студии) на Факултетот, по спроведеното гласање на 18.02.2025 година, утврди дека:

Во гласањето учествувале ______ студенти.

Пронајдени се ______ неважечки гласачки ливчиња.

I. Земајќи ги предвид само важечките гласачки ливчиња, Избирачката комисија, констатира дека поодлените кандитати за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, го добија следниот број на гласови:

1. ____________________________________ вкупно _____ гласа,
2. ____________________________________ вкупно _____ гласа,
3. ____________________________________ вкупно _____ гласа,

(за студентите од постдипломски студии и на студенти од докторски студии се предлагаат најмалку 4 претставници)

4. ____________________________________ вкупно _____ гласа.

II. Врз основа на резултатите од гласањето, Избирачката комисија, констатира дека за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, се избрани:

1. ____________________________,
2. ____________________________.

(за студентите од постдипломски студии и на студенти од докторски студии се избираат 3 претставници)

3. ____________________________,

зошто освоиле најмногу гласови од студентите кои учествувале во гласањето.

Евентуални забелешки
______________________________________________________________________.

Избирачка комисија:
Вонр. проф. м-р Дино Имери, наставник
Проф. д-р Нина Костова Јаневска, наставник
Сара Сиљановска, студент
Бојан Димитровски, студент

Зоран Трајчески, студент

Прилог 3б

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**

---

**ЗАПИСНИК**
**од гласањето за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатниот период 18.02.2025-17.02.2026**

Изборната комисија за спроведување на гласањето за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, за мандатниот период **18.02.2025-17.02.2026**, на ниво од _______________________ (прва година / втора година / трета година /четврта година / студенти од постдипломски студии и на студенти од докторски студии) на Факултетот, по спроведеното гласање на 18.02.2025 година, утврди дека:

Во гласањето учествувале ______ студенти.

Пронајдени се ______ неважечки гласачки ливчиња.

I. Земајќи ги предвид само важечките гласачки ливчиња, Избирачката комисија, констатира дека поодлените кандитати за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, го добија следниот број на гласови:

1. ___________________________________ вкупно _____ гласа,
2. ___________________________________ вкупно _____ гласа,
3. ___________________________________ вкупно _____ гласа,
4. ___________________________________ вкупно _____ гласа.

Евентуални забелешки
______________________________________________________________________.

Избирачка комисија:
Вонр. проф. м-р Дино Имери, наставник
Проф. д-р Нина Костова Јаневска, наставник
Сара Сиљановска, студент
Бојан Димитровски, студент
Зоран Трајчески, студент

Прилог 4

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**http://fmu.ukim.edu.mk/**
**тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk**

**ЗАПИСНИК**
**од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје**
**за мандатниот период 18.02.2025-17.02.2026**

Изборната комисија за спроведување на гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, за мандатниот период **18.02.2025-17.02.2026**, врз основа на Записниците за спроведеното гласање на 18.02.2025 година, утврди дека:

Во гласањето учествувале ______ студенти.

Пронајдени се ______ неважечки гласачки ливчиња.

I. Врз основа на резултатите од гласањето и Записниците, Изборната комисија, констатира дека за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, се избрани:

1. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од прва година
2. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од прва година
3. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од втора година
4. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од втора година
5. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од трета година
6. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од трета година
7. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од четврта година
8. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од четврта година
9. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од постдипломски/докторски студии
10. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од постдипломски/докторски студии 11. ______________________________ вкупно _____ гласа, претставник од постдипломски/докторски студии

II. Врз основа на резултатите од гласањето и Записниците, Изборната комисија констатира дека за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, е избран:

1. ____________________________________ вкупно ____ гласа.

Евентуални забелешки

___________________________________________________________________________.

Избирачка комисија:
Вонр. проф. м-р Дино Имери, наставник
Проф. д-р Нина Костова Јаневска, наставник
Сара Сиљановска, студент
Бојан Димитровски, студент
Зоран Трајчески, студент